Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 94, 7 декември 2012 година

декември 2012 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање доцент за наставно-научна област економски развој на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите наставно-научни звања за наставно-научното поле/област преработка на анимални производи на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 19

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник асистент за научната област фитопатологија на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 22

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите наставно-научни звања за наставно-научната област романистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 30

**РЕФЕРАТ** за збор на наставник од наставно-научната област метода на анализа на структура и функционирање на претпријатието и организација на административни процеси“ на Машинскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 35

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент / асистент (специјалист) за наставно-научната област ортопедија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 39

**РЕЦЕНЗИЈА** на докторската дисертација со наслов „Реконструирање на рудниците за олово и цинк во Косово” од кандидатот м-р Ферат Шаља, Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 43

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Трудово право“ (скрипта) од авторите доцент д-р Андон Мајхошев и доцент д-р Војо Беловски, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 47

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Сензорна и аналитичка евалуација на вино“ од авторот доц. д-р Виолета Иванова-Петропулос, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 51

**РЕЦЕНЗИЈА** за трудот „Одбрани теми од педагогија“ на проф. д-р Емилија Петрова-Ѓорѓева, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 55

**РЕЦЕНЗИЈА** за трудот „Одбрани теми од педагогија“ на проф. д-р Емилија Петрова-Ѓорѓева, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 57

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Производство, преработка и обработка на месо“ од проф. д-р Ацо Кузелов, Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 59

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 62

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ОД НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕТОДА НА АНАЛИЗА НА СТРУКТУРА И ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО И ОРГАНИЗАЦИЈА НА АДМИНИСТРАТИВНИ ПРОЦЕСИ“ НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ “ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ”- ШТИП

Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, на седница одржана на 3.12.2012 год., донесе Одлука (бр.2702-145/4) за формирање на Рецензентска комисија за избор на еден ***наставник во сите научни звања*** од наставно-научното подрачје *технолошко-технички науки*, наставно-научно поле *индустриско инженерство и менаџмент*, наставно-научна областа *метода на анализа и функционирање на претпријатието и организација на административни процеси* на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип, во состав:

– доц. д-р Симеон Симеонов -преседател,
– доц. д-р Славчо Цветков - член,
– проф. д-р Ристо Фотов - член.

На Конкурсот објавен во дневните весници „Дневник” и „Лајм” на 7.11.2012 г. за избор на доцент за наставно-научната област *метода на анализа и функционирање на претпријатието и организација на административни процес* се јавил:

**Мишко Џидров**, доктор на науки по менаџмент и инженерство.

По приложените материјали и преземаните активности, согласно со Законот за високото образование и актите на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип, Комисијата го предлага следниов извештај

## И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот Конкурс во дневните весници „Дневник” и „Лајм”, на 7.11.2012 г., за избор на доцент се пријавил кандидатот:

1. **Мишко Џидров**, доктор на науки по менаџмент и инженерство.

***Биографски податоци***

**Д-р Мишко Џидров** е роден на 28 февруари 1981 г. во Штип, државјанин на Република Македонија. Дипломира на Машинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, насока Индустриско инженерство и менаџмент. Се стекнал со диплома ***дипломиран универзитетски инженер по машинство*** (1999-2004 г.).

Магистерските студии ги завршува во НР Кина, на Технолошкиот универзитет „Вухан“, Хибеи провинција во НР Кина, Школо за менаџмент (Wuhan University of Technology). Наслов на темата „*Истражување на ефектот Земја на потекло - студија за Македонија“*. Притоа се стекнува со диплома ***МБА - магистерски студии за бизнис администрација*** (2006-2009 г.).

Кандидатот докторира на Технолошкиот универзитет Вухан, Хубеи провинција, НР Кина, Школо за менаџмент (Wuhan University of Technology). Насловот на темата на докторатот е „*Влијание на политичкиот ризик врз прераспределбата на акциски капитал во заедничкото вложување при директни странски инвестиции во Република Македонија“*. Притоа се стекнува со диплома ***доктор на науки по менаџмент и инженерство*** (2009-2012 г.).

***Други квалификации:***

1. Сетификат: ***Школа за лидери***, под раководство на претседателот на Р. Македонија, д-р Ѓорге Иванов, период 22.8 до 9.2011 г., Охрид.
2. Сертификат: Претприемачки сервис за млади, СИНТЕФ и Фондацијата Институт Отворено општество во Македонија, седумдневен курс период јануари-февруари 2006 г.
3. Диплома: ***Основен курс за ЊИWIN, Office и Internet.*** Компјутерски центар „Полопроект“ - Штип, јули 2005.
4. Диплома***: Курс за MS projekt 2002***- Семос едукација, јули 2005 г.
5. Сертификат: Обука за управување со канцеларија, „Пивара“ - Скопје и „Мотива“, осумнеделен семинар, февруари 2005 г.
6. Диплома: Работнички универзитет „Ванчо Прќе“ - Штип, четири семестри изучување на англиски јазик.

***Професионални активности***

Во периодот март 2005 до јануари 2006 година е вработен во Pexim Solutions (asseco-see.com) – Скопје, на позиција проект-менаџер. Активности: управување со софтвер и мрежни проекти во банките:

- Проект-менаџер, проект Стопанска банка - Битола, надградба на софтвер и хардвер;
- Асистент на проект, проект Министерство за одбрана, нова LAN реконструкција на постојната мрежа во оперативен центар.

Во периодот јуни 2004 - февруари 2005 година е вработен во Стопанска банка а.д. Скопје, ВИЗА центар, Скопје, на позиција Авторизација и производство на ВИЗА картички. Активности:

- четири месеци дел од службата за корисници, авторизација при ВИЗА плаќање, прашање и проблеми при плаќање.
- пет месеци производство на ВИЗА картички, број и пин на картичка.

Неполно работно време:

- Во периодот 2007 - 2010 г. во New Oriental School (neworiental.org) и Link China (networkesl.com), професор по англиски.
- Во периодот 2009 - 2010 г. во Dexion Trading (dexiontrading.com.mk), потпреседател на бизнис развој, работа на проекти во Кина, Македонија, Србија и Косово.
- Во периодот лето 2002 во Steve-D Holding Co inc. – Њу Џерси и Blue Anchor Cafe во Масачусет, на позоција Work and travel USA.

***Научни и стручни активности***

1. Труд „Рекламна индустрија - трендови, можности и предизвици“, Меѓународен симпозиум, септември 2008 г., Универзитет за туризам –Скопје.
2. Труд „Универзитет за туризам-Скопје“, научно списание за економија, том 1, број 2, 2010 г., верзија ISSN 1857-6974, електронска ISSN 1857-6982.
3. Труд „Политичка и економска анализа на ризикот - студија за Македонија“, Конференцаија за веб-базиран бизнис менаџмент (WBM2010), 20-22 септември 2010, во Ченгду-Кина.
4. Труд „Важност на Земја на потекло за македонските производи“, Меѓународна конференција за иновации и менаџмент (ICIM2010), Технолошки универзитет „Вухан“, 4-5 декември 2005 г., Вухан- Кина.
5. Труд „Анализа на ризик на земја: Споредба на Македонија и Хрватска“, Меѓународна конференција за применета општествена наука (ICASS 2012), 1-2 февруари 2012 г., Каула Лумпур-Малезија.

***Проекти:***

- Раководител на проект во Стопанска банка – Битола.
- Учесник во проект во Министерство за одбрана – Скопје.
- Учесник во проект во Стопанска комора за информатички и комуникациски технологии (МАСИТ) – Скопје.

- Раководител на научен проект со Донгфенг мото – Чонгчинг, Кина.
- Раководител на научен проект со ДОО Кина Донгфенг автомобили – Вухан, Кина.
- Раководител на научен проект со ДОО Гуандонг писен електроник – Шензен, Кина.

***Признанија и награди***

- Награден со дистинкција од Кинескиот совет за стипендии на НР Кина.
- Најдобар студент на Машинскиот факултет – Скопје (2000 и 2004).
- Награда за најдобар студент од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ (2002/2003).

***Други вештини***

*Странски јазици:*

- англиски: разбирање, говорење, пишување - високо познавање;
- српски: разбирање, говорење, пишување - високо познавање;
- бугарски: разбирање, говорење, пишување - високо познавање;
- кинески: разбирање, говорење – основен.
- Компјутерски вештини: MS Office, Word, Excel, Internet, MS project, основни познавања Auto CAD, MS Project Server.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложените материјали, Рецензентската комисија смета формално-правно кандидатот **д-р Мишко Џидров** го исполнува условот за наставник во сите научни звања од наставно-научното подрачје технолошко-технички науки, наставно-научно поле индустриско инженерство и менаџмент, наставно-научна област *метода на анализа и функционирање на претпријатието и организација на административни процеси* на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Рецензентската комисија со задоволство му препорачува на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ –Штип, кандидатот **д-р Мишко Џидров** да биде избран за доцент за наставно-научната област *метода на анализа и функционирање на претпријатието и организација на административни процеси*.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Симеон Симеонов, доцент, с.р.**
**Д-р Ристо Фотов, професор, с.р.**
**Д-р Славчо Цветков, доцент, с.р.**

# П Р И Л О Г

**Табела за вреднување на активностите на д-р Мишко Џидров, доктор на науки по менаџмент и инженерство, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| Реден број | Вид на активност | Број | поени | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | во земјава | во странство | вкупно |
| а) | **Наставно-образовна (НО) дејност** | | | | |
| | | | | **Вкупно** | **0** |
| б) | **Научноистражувачка дејност (НИ)** | | | | |
| 1 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на меѓународни научни конференции: [Т3], [4],[Т5] | 3 | | 2 | 6 |
| 2 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на домашни научни конференции: [Т1] | 1 | | 1 | 1 |
| 3 | Трудови со оригинални научни резултати, објавени во домашно научно списание [Т2] | 1 | 3 | | 3 |
| 4 | Судиски престој во странство | 1 | | 8 | 8 |
| 5 | Одбранета докторска теза | 1 | | 8 | 8 |
| 6 | Одбранета магистерска работа | 1 | | 4 | 4 |
| | | | | **Вкупно** | **30** |
| в) | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност (САОР)** | | | | |
| 1 | Учесник во научен проект во странство [Р4], [Р5], [Р6] | 3 | | 8 | 24 |
| 2 | Стручни награди и признанија [К1], [К2], [К3], [К4], [К5],[К6] | 6 | 4 | | 24 |
| | | | | | 48 |
| | | | | **Вкупно** | |
| | | | | **ВКУПНО: (НО+НИ+САОР)** | **78** |